Во согласност со членот 8 од Одлуката за наградите на општината Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.9/010, 6/2018 и 05/2019), Одборот за доделување награди на Општина Кочани, објавува

# Ј А В Е Н   П О В И К

за доставување предлози за доделување Награда за значајни остварувања за развојот на општина Кочани и Награда за животно дело

**I.** Општината Кочани доделува **Награда за значајни остварувања за развојот на општина Кочани.**

- Наградата за значајни остварувања за развојот на општина Кочани се доделува на поединци, група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани.
- Наградата е во форма на плакета.

**II.** Општината Кочани доделува и **Награда за животно дело.**

- Наградата за животно дело е плакета и се доделува за постигнати исклучителни разултати и остварувања во областа на науката, иноваторството, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес, по претходна оценка на Одборот за доделување награди на Општина Кочани.

**III.** Предлозите за доделување на наградите се доставуваат до Одборот за доделување награди на адреса: Општина Кочани, ул. „Раде Кратовче“ бр.1.

Предлозите треба да бидат образложени.

**IV.** Јавниот повик трае од 01.08.2019 година до 25.08.2019 година.

Бр. 30-1644/9
31.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател
на Одборот за доделување награди
на Општина Кочани,
Емилија Серафимова